ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Факултет за ветеринарна медицина – Скопје

Државен студентски дом "Скопје" – Скопје

БР. 08-1575/6
16. 04. 2018
СКОПЈЕ

БР. 0307-283/1
16.04.2018
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

помеѓу
Општина Гази Баба,
претставувано од Градоначалникот
Борис Георгиевски
и
Факултетот за земјоделски науки и храна – „Универзитет Свети Кирил и Методиј" - Скопје, претставувано од Деканот
Проф. Д-р Вјекослав Танасковиќ;
Шумарски факултет – „Универзитет Свети Кирил и Методиј" - Скопје, претставувано од Деканот
Проф. Д-р Кирил Сотировски;
Природно – математички факултет – „Универзитет Свети Кирил и Методиј" - Скопје, претставувано од Деканот
Проф. Д-р Ицко Ѓоргоски;
Факултет за ветеринарна медицина – „Универзитет Свети Кирил и Методиј" - Скопје, претставувано од Деканот
Проф. Д-р Лазо Пендовски;
Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериери – „Универзитет Свети Кирил и Методиј" - Скопје, претставувано од Деканот
Проф. Д-р Зоран Трпоски;
Земјоделски Институт – „Универзитет Свети Кирил и Методиј" – Скопје претставувано од Директорот
Проф. Д-р Климе Белески
Државен студентски дом Скопје - Скопје,
претставувано од Директорот
Дарио Николовски;

## Член 1

Со овој меморандум за соработка сите страни потписници на меморандумот, воспоставуваат меѓусебна соработка во следните сегменти:

- Развој на стратешки документи, студии, анализи и трансфер на знаења на таргетирани групи од сферата на земјоделската дејност и храна, шумарството, природно – математичките науки, ветеринарната дејност, дизајн и технологии на мебел и ентериер;
- Соработка во реализација на заеднички проекти од различни сфери на интерес на сите страни и нивно аплицирање пред домашни, европски и други фондови за финансирање на проекти;
- Соработка во сите сфери од делокругот на законски надлежности на општина Гази Баба;
- Одржување на комуналната хигиена во кругот на факултетскиот и студентски кампус „Стив Наумов“, а согласно договорите за соработка со ЈКП Гази Баба 2007;
- Партерно уредување на јавниот и заеднички простор на факултетскиот и студентскиот кампус „Стив Наумов“, а во согласност со просторните планови на општината;
- Развој и управување на паркинг места во рамки на факултетскиот и студентски кампус „Стив Наумов“, а во согласност со просторните планови на општината;
- Поставување на улично осветлување на јавниот и заеднички простор на факултетскиот и студентскиот кампус „Стив Наумов“, а во согласност со просторните планови на општината;
- Поставување на ограда на целиот територијален појас на факултетскиот и студентски кампус „Стив Наумов“, а во согласност со просторните планови на општината;
- Ревитализација на ботаничката градина која се наоѓа во рамки на факултетскиот и студентски кампус „Стив Наумов“, со подршка на домашни и странски донатори;
- Развој на систем за гасификација во рамки на факултетскиот и студентски кампус „Стив Наумов“;

Член 2

Сите страни, потписници на меморандумот за соработка се обврзуваат да организираат традиционален музичко сценски настан "СТУДЕНТ ФЕСТ" на почетокот на секоја академска година, во текот на месец Септември, како и организација на настанот "ОТВОРЕН ДЕН" со цел презентирање на студиските програми на факултетите;

Член 3

Општината Гази Баба се обврзува да организира традиционален настан "Student Challenge for Innovative Ideas" за анимирање на студентите од факултетите на територија на општина Гази Баба активно да се вклучат во развојот на иновативни идеи и концепти во функција на економскиот развој на Општина Гази Баба.

Член 4

Сите страни потписници на меморандумот за соработка се обврзуваат за воспоставување на постојана комуникација и информирање за сите активности од интерес на сите граѓани и деловни субјекти и овозможување на редовни презентации на наставните програми на Факултетите и годишните програми на општината пред потенцијалните студенти и членовите на бизнис клубот од општината.

Член 5

Во случај на објективна спреченост за целосно и навремено остварување на членовите 1, 2, 3 и 4 од овој меморандум за соработка, засегнатите страни потписнички на меморандумот ќе доставаат навремено образложение во писмена форма за причините за таквата спреченост.

Член 6

Овој Меморандум за соработка се склучува за неограничен период.

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Факултет за ветеринарна медицина – Скопје

Државен студентски дом "Скопје" – Скопје

__________.2018 година

___________.2018 година

Факултет за земјоделски науки и храна – УКИМ, Скопје
Декан, Проф. Д-р Вјекослав Танасковиќ;

Шумарски Факултет – УКИМ, Скопје
Декан, Проф. Д-р Кирил Сотировски;

Природно математички факултет – УКИМ, Скопје
Декан, Проф. Д-р Ицко Ѓоргоски;

Факултет за ветеринарна медицина – УКИМ, Скопје
Декан, Проф. Д-р Лазо Пендовски;

Факултет за дизајн и технологии за мебел и ентериери – УКИМ, Скопје
Декан, Проф. Д-р Лазо Трпоски;

Земјоделски Институт – УКИМ Скопје
Директор, Проф. Д-р Климе Белески;

Државен студентски дом Скопје – Скопје
Директор, Дарио Николовски;

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Градоначалник,
Борис Георгиевски